вероватно шире а метафорско значење. Павле Кнезовић задржао се, аналитички, на новолатинском преводу Гундулићевог *Османа* што га је, половином XIX века, сачинио Влахо Геталидић, из чега су произашли значајни закључци о Гундилићевим дуговима Вергилију. Енђел Седај поднео је саопштење о „скали“ коју је староалбански аутор П. Богдани ( 1630–1689) посветио приказу Сибила у обимном делу *Cuneus prophetarum*.

Потпуности ради, а још и више да у овој рекапитулацији нико од споменутих реферата не би остао на незаслуженом последњем месту, споменућу да сам и сāм говорио о двојном категорисању „мањих песничких производа“, насталим под утицајем античког, нарочито реторског предања, а нужно меродавном и приликом интерперетације класицистичке поезије.

Мирон Флашар
Философски факултет
Београд

## 3. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕФЕРАТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА АРХЕОЛОГИЈАТА, ЕПИГРАФИЈАТА, НУМИЗМАТИКАТА И ИСТОРИЈАТА НА СТАРИОТ ВЕК

Резимирајќи ја работата на Собирот на класичарите од Југославија, во рамките на – историската секција – , треба секако да се издвојат неколку дисциплини на коишто припаѓаат претставените теми, почнувајќи од археологијата, културно–политичката историја, епиграфијата до нумизматиката.

Археолошките теми најавени релативно во најголем број се така и претставени и во еден блок со споменатите дисциплини чинат една целина. Примарно место треба да се даде на соопштението од академик Драган Срејовиќ – Felix Romuliana – каде се синтетизирани извонредните резултати од истражувањата на овој значаен локалитет (Гамзиград), споменик на римската антика на тло на СФРЈ, односно СР Србија, којашто зазема истакнато место и во светската културна баштина. Во оваа прилика се изведени кратки но брилјантни сумирања на многу богатите откривања, односно идентификација на досега непознатиот антички град Ромулиана, родното место на императорот Г. Валериј Галериј Максимијан, каде се исто така дадени и објаснувања во врска со идејната замисла на царксата палата – каструм. Авторот ги објаснува варијантите на имињата на градот во зависност од неговиот статус, развој и стагнација.

Може да се каже дека во темите беше застапена широка хронологија и покрај тоа што доминираа написи со проблематика од римскиот период. Најраната антика, која не е така честа на тлото на СР Србија и тоа повеќе во јужните области, беше опфатена со проследување на веќе познати факти за присуството на импортот на територијата на Трибалите и Дарданите, односно текот на Јужна Морава (Дубравка Ујес); следењето на контактите беше конфронтирано со односот на каснохалтштатската култура и архајско–класичните производи на хеленскиот свет, со истакнување на циркулацијата на монетите и постепеното вклучување во културните токови на југот на целиот третиран простор.

Зрелата антика на тло на СР Македонија беше опфатена со разгледување на археолошкиот материјал непознат или веќе обелоденет (Викторија Соколовска). Беа истакнати продорите на хеленизацијата по долината на Вардар, Пелагонија, односно земјата на Пајоните, по пат на проучување на најбројниот археолошки материјал керамичките посуди, накитот, керамопластиката. Во овие трудови истакнати се влијанијата од егејскиот простор, Мала Азија, меѓутоа, укажано е и на припаѓањето во касниот хеленизам на културниот круг на античка Македонија, чии центри се Пела, Верија, Тесалоника, Амфиполис. Кон оваа група на трудови се приклучуваат и соопште-

нијата коишто ги разработуваат култните појави врзани и за хеленистичкиот и за римскиот период, како еден културен континуитет (Нови потврди за култот на Кибела – Вера Битракова Грозданова, за култот на Дионис – Маргарита Милева, Долготрајни потврди за култот на Магна Матер – Мајка Родилка – Никос Чаусидис); во последниот напис би требало попретпазливо да се пристапува во интерпретацијата).

Единствениот нумизматички прилог ги сумира досега познатите предлози и мислења околу лоцирањето на Дамастион и врската на ковниците на овој град со оние од Пајоните (Елеонора Петрова). Авторот е на мислење дека во времето на владетелот Патраос, Дамастион е под негова власт. Во науката често е недоволно истакната улога на Пајоните и нивното присуство во среднобалканскиот простор, популација која многу рано припаѓа на културниот круг на егејскиот свет.

Со следењето на предавањата по хронолошки ред треба да се истакне вредниот прилог околу интерпретацијата на еден дел од описот на III Илирска војна од страна на Ливиј, којшто се однесува на уредувањето на Илирик (Бруна Кунтиќ). Во оваа прилика авторот подвлекува и објаснува некои податоци кои укажуваат на различниот статус на Илирите од една страна и Македонците од друга, или на одредбите кои важат за сите, пропишани од римските окупациони власти. Овие податоци се секако многу значајни кога се проучуваат и некои други аспекти на античката историја на тлото на југозападна Македонија.

Римскиот период беше исто така опфатен со одреден број на теми од археологијата. Прегледот на римската скулптура откриена на територијата на СР Србија, како дел од римската провинција, беше студиозно изведен (Александра Цермановиќ). Авторот изнесе занимливи и заначајни заклучоци во врска со појавата на оваа уметност и тоа најрано на лимесот. Пратејќи ја скулптурата од I век до касната антика, истакна дека појавата на монументалната скулптура е од подоцнежен датум; секако, значајна новина претставува и издвојувањето на различните работилници од страна на авторот, кои имале свои примери во грчката хеленистичка уметност.

Континуитетот кој е често присутен на археолошките локалитети, беше предмет на согледувања на еден поширок простор во Херцегоивна (Радослав Додиг). Авторот го истакна и проследи континуитетот од антиката до денес во повеќе сфери на животот и создавањето како археолошко, историско и социјолошко единство.

Епиграфијата заседе значајно место во нашиот Собир. Секој прилог донесе нови резултати на упорна работа и студиозен пристап кон проблемите. Ономастичката анализа на натписите од западна Македонија укажува на врските со исток и претставува значаен прилог во проучувањето на најстарата историја на регионот на СРМ како дел од најстарата антика на Балканот (Нада Проева). Тука се вбројува и приказот на исповедниот натпис од Мала Азија каде се изведени корекции во читањето, посочени се аналогии и дадено е едно пошироко образложение за верувањата ( Маријана Рицл). Во оваа прилика авторот предлага попрецизно датирање врз база на аналогиите од малоазискиот простор. Во приказот на Номосот од Верија предложена е нова интерпретација на овој закон–одредба за раководење на школската институција од страна на гимназијархот како и поточно датирање на овој епиграфски споменик од античка Македонија (Јелена Тарабиќ).

Касноантичкиот период како историско–културен континуитет беше опфатен со теми со историско–уметничка и епиграфска проблематика. Рајко Братож сумираше некои познати прашања од ранохристијанската црква во Илирик, нејзината организација и тежбата за свртување кон папската столица; како извор за интерпретација беа користени екуменските синоди. По пат на палеографска анализа, на латинските натписи изведени на керамичките икони од Виница, беше направен обид за нивно датирање како и предлог за времето од IV–VI век, со што авторот (Христо Меловски) се приклучува кон веќе изнесеното мислење.

Со следење на исчезнувањето на верувањата на античкиот свет преку продорите на ориенталните култови и конечното прифаќање на христијанството беа посочени причините за згаснување на античките институции и во доменот на школството и правото (Миодраг Јовиќ); сите тие причини по мислењето на авторот, довеле кон општото гасење на античката цивилизација.

Вера Битракова Грозданова
Философски факултет
Скопје